***Доколку имате желба да бидете дел од успешен тим и сакате да ги остварите своите амбиции и визија, доколку сте креативни, посветени, насочени кон постигнување резултати и размислувате долгорочно, станете дел од една од најуспешните компании во земјата***

**Цементарница УСЈЕ АД Скопје**
**ГРУПАЦИЈА ТИТАН**

*објавува оглас за вработување на*

**<u>Оператор-администратор во Секторот за готов бетон</u>**

Обезбедува соодветна работа на опремата за производство на готов бетон (Бетонска база), притоа произведениот бетон да биде со соодветен квалитет, а опремата и ресурсите да бидат оптимално користени.

Управување и контрола на производствениот процес согласно интерните барања и барањата на клиентите. Во случај на дефекти на опремата, преземање активности за што побрзо отстранување.

Координација на испораките на готов бетон на градилиште и постојана комуникација со лицата кои се одговорни на објект со цел навремена и точна испорака на готов бетон. Постојано следење на квалитетот на произведениот бетон и чистотата на возилата и соодветно известување. По потреба да зема проби и да определува карактеристики на свежиот бетон. Помага во администрирање на документацијата во секторот.

Работата и работните задачи на ова работно место се одвиваат во две смени. Основната нето плата за работното место е од 34.500 денари. Компанијата дополнително обезбедува платена исхрана, приватно здравствено осигурување, додатоци за ноќна, празнична и прекувремена работа, како и бонус за успешно работење.

**Потребни квалификации:**

- Средна стручна подготовка (IV или V степен)
- Со или без претходно работно искуство
- Искуство со браварија, електрика и работа со компјутери ќе се смета за предност
- Поседување на лиценци и други сертификати ќе се смета за предност
- Основно познавање на англиски јазик ќе се смета за предност.

**Кандидатите треба да ја приложат и следнава документација:**

1. Мотивациско писмо
2. Биографија (CV)
3. Доказ за завршено образование

Огласот трае 10 (десет) дена од денот на објавувањето.
Кандидатите треба да ги исполнуваат општите услови предвидени со Закон.
Вработувањето е на определено време до 6 (шест) месеци, со можност за продолжување на неопределено време.
Цементарница УСЈЕ обезбедува еднакви можности за вработување и позитивно ги поттикнува соодветно квалификуваните кандидати без оглед на пол, раса, попреченост, возраст, сексуална ориентација, религија или убедување.

**Аплицирањето може да се врши на веб страницата на Цементарница УСЈЕ**
**http://www.usje.mk во делот „Придружете ни се“ или на меил hr@usje.mk**
Сите апликации ќе се сметаат строго доверливи.
Контактирани ќе бидат само кандидатите избрани за интервју.